Совет на Општина Делчево
Број 09- 1550/2
22.10.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 40.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 22.10.2024 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 09:20 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.

Отсутни немаше.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 40.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 39.седница

1. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Анка Христова;
2. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект црква зграда број 1 по барање на МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА-ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА-Скопје;
3. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект помошен објект згр.бр.4 по барање на Иван Ромовски;
4. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект помошен објект, згр.бр.2 по барање на Момчил Иванов;
5. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Татјанчо Костадинов;
6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект гаража згр.бр.4 по барање на Татјанчо Костадинов;
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.2 по барање на Александар Тренчовски;
8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Славе Лазаров;

**Образлагач**: Андријана Соколовска-помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

9. Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Предлог-Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Лејла Анакиевска-Командир на Полициска станица од општа надлежност-Делчево.

10.Предлог-Решение за разрешување и именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“-Делчево;

11.Предлог-Одлука за финансиска поддршка по барање УП бр.21-280 од 07.10.2024 година;

12. Предлог-Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли-паноа на подрачјето на општина Делчево.

**Образлагач:** Емил Тасев-Советник-општински инспектор за комунални работи.

13. Предлог-Одлука за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за уебната 2024/2025 година ;

**Образлагач**: Џулиета Мемедова-Самостоен референт за безбедност и здравје при работа.

14. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Иван Гоцевски кој предложи дневниот ред за денешната седница да се дополни со точка-Разгледување на Барањето поднесено од страна на Синдикалната организација на СУТКОЗ при ЈКП Брегалница Делчево. Тој рече дека Синдикалната организација на СУТКОЗ при ЈКП Брегалница Делчево, уредно го има доставено ова барање до градоначалникот на општината, директорот на ЈКП и Советот на Општината и праша зошто не е ставено како точка на дневен ред за денешната седница бидејќи состојбата во јавното претпријатие е алармантна, 8о вработени се на работ на егзистенцијата поради несовесното работење на директорот и градоначалникот, а Советот како основач има обврска да ги надомести загубите на ЈКП и да овозможи непречено функционирање и извршување на работите на истото.

Кирил Тренчевски рече од кои причини на Синдикалната организација на СУТКОЗ при ЈКП Брегалница Делчево го има доставено само до советничката група на ВМРО ДПМНЕ, а не и до останатите?

Иван Гоцевски рече дека во неговото образложение тој истакнал до кои субјекти е доставено барањето и никаде не спомнал дека е доставено до нивната советничка група.

Сашко Ивановски рече дека разгледувањето на ова барање е од итен карактер бидејќи за долг од 1 милион денари за наплата преку извршител се доспеани 13 милиони денари, сума која едно ЈКП не може да си ја дозволи. Со тоа доведена е во прашање

исплатата на платите на вработените, загрозена е нивната егзистенција и доведено е во прашање нормалното функционирање на ЈКП. Од тие причини тој праша зошто не е ставено на дневен ред ова барање и побара предлогот да биде ставен на гласање.

Претседателот на Советот Гоце Попов рече дека е запознаен со Барањето од Синдикалната организација на СУТКОЗ при ЈКП Брегалница Делчево и истакна дека е очигледно декА тие не го познаваат Статутот на ЈКП бидејќи според истиот ова барање треба да биде доставено до Управниот одбор на ЈКП кој за тоа е надлежен согласно Статутот и Законот за ЈП. Откако Управниот одбор ќе донесе одлука за надоместување/покривање на загубите, тогаш таа одлука треба да се достави до Советот кој како основач, согласно Законот дава или не дава согласност на одлуката. Сосема е погрешена/промашена постапката и јас како претседател на Совет нема да ставаМ на дневен ред барања кои не се однесуваат на Советот. Советот секако дека треба да ја разгледа оваа точка, ама прво треба да донесе одлука Управниот одбор на ЈКП „Брегалница". Што се однесува до барањето да го стави на гласање предлогот на С.Ивановски, претседателот на Советот истакна дека нема да го стави на гласање бидејќи се злоупотребуваат работите и се вадат од контекст, кАко што се случило со предлогот за водоснабдувањето во с.Ѕвегор па во јавноста излегува дека некој многу се „грижи" за проблемите на граѓаните, а некој не. Синдикалната организација на СУТКОЗ при ЈКП Брегалница Делчево нека го дстави ова Барање до Управниот одбор и тие нека донесат одлука бидејќи исклучиво тие се надлежни за тоа. Исто така одговор на ова барање има и од страна на Градоначалникот. Каков е одговорот, Советот нема сознание. Кога ќе ги имаме пред нас одговорот на Градоначалникот и одлуката од УО, тогаш ќе ја разгледуваме оваа точка, рече претседателот на Советот.

Сашко Ивановски истакна дека претседателот е должен да го стави на гласање неговиот предлог за дополнување на гласање и дека не е во ред од негови лични/субјективни причини да не го става овој предлог на гласање.

Претседателот на Советот рече дека предлогот ќе биде ставен на дневен ред кога ќе има услови за тоа, односно кога ќе биде запазена постапката. А тоа се кога ќе има одлука од Управен одбор, кога ќе биде доставен и одговорот од градоначалникот на барањето и кога Советот ќе има некои информации кои се важни за да може да одлучува.

Претседателот на Советот му даде збор на Звонко Атанасов-Раководител на Секторот за урбанизам, кој по овластување од градоначалникот предложи дополнување на дневниот ред со точка- Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево. Точката се однесува на започнување постапка за урбанизација во е-урбанизам за трите кружни крстосници.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправа по дневниот ред беше затворена, а предлогот за дополнување беше ставен на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го прифати предлогот за дополнување на предложениот дневен ред за 40.седница.

Потоа на гласање беше ставен и целиот дневен ред (со дополнувањето со точка 15).

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои предложениот дневен ред за 40.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 39.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 39.седница.

1. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на **Анка Христова**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на **Анка Христова**;

**Втора точка**-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект црква зграда број 1 по барање на **МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА-ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА-Скопје;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат ,Објект црква зграда број 1 по барање на **МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА-ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА-Скопје.**

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект помошен објект згр.бр.4 по барање на Иван Ромовски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за

бесправно изграден објект надвор од плански опфат, **Објект помошен објект згр.бр.4 по барање на Иван Ромовски.**

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект помошен објект, згр.бр.2 по барање на Момчил Иванов**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, **Објект помошен објект, згр.бр.2 по барање на Момчил Иванов**.

Точката ја образложи Андријана Соколовска помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, **Објект помошен објект, згр.бр.2 по барање на Момчил Иванов**.

**Петта точка**-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на **Татјанчо Костадинов**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на **Татјанчо Костадинов**.

**Шеста точка**-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект гаража згр.бр.4 по барање на **Татјанчо Костадинов**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Објект гаража згр.бр.4 по барање на Татјанчо Костадинов.

Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.2 по барање на Александар Тренчовски;

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Објект станбена куќа, згр.бр.2 по барање на Александар Тренчовски.

Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Славе Лазаров.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Славе Лазаров.

Деветта точка- Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач по точката беше Лејла Анакиевска-Командир на Полициска станица од општа надлежност-Делчево која ја образложи точката и рече дека доколку има прашања, таа ќе даде одговор.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

Десетта точка-Предлог-Решение за разрешување и именување претставник на Локалната самоуправа Делчево во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“-Делчево;

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот и претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Гоце Попов, кој рече дека до Советот има доставено барање од директорката на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“. Барањето беше прочитано од негова страна и тој предложи да се разреши досегашниот член на Управниот одбор (претставник на Локалната самоуправа), Др Соња Мавродиева Георгиевска, заради истек на мандат.

За член на Управниот одбор како претставник на локалната самоуправа, тој ја предложи Др Наталија Арсов која ги исполнува условите и критериумите наведени во статутот на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Тони Стаменовски кој рече дека и политичката партија Левица има предлог за член на Управниот одбор како претставник на локалната самоуправа и го предложи Влатко Спасевски дипломиран економист.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена.

Претседателот го стави на гласање предлогот за Др Наталија Арсов на гласање.

Со 7 гласа „ЗА“, 7 „Против“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, предлогот не беше прифатен.

На гласање беше ставен вториот предлог за Влатко Спасевски.

Со 1 глас „ЗА“ 1 „ПРОТИВ“ и 13 „ВОЗДРЖАНИ“ не беше прифатен и овој предлог.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека и тие имаат предлог за член во УО на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“, а тоа е досегашниот член Др Соња Мавродиева Георгиевска.

Претседателот на Советот рече дека расправата по оваа точка, а согласно тоа и расправата за доставување предлози била завршена и веќе било гласано по двата предлога дадени од страна на него и на Тони Стаменковски. Тој го праша координаторот ан ВМРО ДПМНЕ зошто не го дал предлогот пред да биде затворена расправата по точката и да се изврши гласањето? Или го чекавте резултатот од гласањето, па се одлучивте да дадете предлог, рече тој.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка по барање УП бр.21-280 од 07.10.2024 година;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до Советот е доставено барање од Спортското риболовно друштво со кое бараат средства за порибување на езеро Петрашевец. Тие бараат од Советот 100.000 денари и затоа претседателот на Советот предложи 100.000 денари.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека ќе го поддржи ова барање, можеби треба и повеќе средства, но сепак е добро.

Иван Гоцевски рече дека се согласува со дискусијата на Тони Стаменковски и предложи сума од 200.000 денари бидејќи не може парите на граѓаните да се користат за шетање и екскурзии на градоначалникот и некои негови соработници, а да нема пари за сопртски клубови, здруженија и слично.

Кирил Тренчевски имаше реплика на дискусијата на иван Гоцевски и рече дека како тој предлага 200.000 кога самото СРД бара 100.000?

Претседателот на Советот рече дека тој лично разговарал со претседателот на Спортското риболовно друштво и тој рекол дека 100.000 денари се доволни, затоа така навел во барањето и затоа претседателот ја предложил таа сума.

Иван Гоцевски побара неговиот предлог да биде ставен на гласање.

Претседателот ја затвори расправата и го стави предлогот на гласање.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ВОЗДРЖАНИ“, предлогот не беше прифатен.

На гласање беше ставенја и Одлуката за финансиска поддршка по барање УП бр.21-280 од 07.10.2024 година.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дванаесетта точка- Предлог-Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли-паноа на подрачјето на општина Делчево.**

Образлагач по оваа точка беше Емил Тасев-Советник-општински инспектор за комунални работи.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Тринаесетта точка- Предлог-Одлука за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за уебната 2024/2025 година ;**

Образлагач по точката беше Џулиета Мемедова-Самостоен референт за безбедност и здравје при работа која се заблагодари на претседателот на Советот што прифатил дополнување на дневниот ред со оваа одлука и истакна дека оваа одлука се донесува од 2006 година па наваму, а е во врска со Договорот за соработка за поддршка на проектот “Инклузија на деца Роми во јавните општински установи –детски градинки“во Република Северна Македонија.

Беше отворена расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој ја поддржува оваа одлука и се надева оти во најскоро време општината ќе предложи до советот одлука за ослободување и на други дечиња што се во социјален ризик од партиципација.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Четиринаесетта точка- Прашања и предлози на членови на Совет.**

**За збор се јави** Иван Гоцевски кој постави неколку прашања до Градоначалникот на Општина Делчево и тоа:

1. Кои проекти се поднесени од страна на општина Делчево до Владата на РСМ за добивање на финансиска помош, кои се одобрени и колакава е ввисината на средствата кои се обезбедени од страна на Владата на РСМ за секој од нив?

2. Дали Општина Делчево има објавено тендер за јавно осветлување, ако има која фирма го има добиено и која е причината што некои делови од градот се во тотален мрак подол период (3 месеци)?

3.На кој начин Секторот за урбанизам ќе го реши проблемот кој се јавува со изградбата на дел од улицата „Булевар Македонија“ зад административната зграда на Агенцијата за вработување во Делчево бидејќи улицата е со повисока нивелација и со тоа практично се затвара влезот на Агенцијата?

4. Колку огласи за вработување има распишано градоначалникот од 2021 до денес, колку од нив се поништени, која е причината за поништувањето и колку е оштетен буџетот на општината со поништувањето на огласите?

5, На кој начин е извршен изборот на директор на ЈЛБ „Илинден“ пред извесно време, дали постапката е спроведена пд страна на Управниот одбор и Градоначалникот согласно законските прописи? Барам да ми биде доставена целокупната документациоја во врска со изборот на директор на ЈЛБ „Илинден

**Петнаесетта точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека ова дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево се однесува на трите кружни крстосници планирани за иградба во Делчево.

Беш отворна расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 40.седница на Советот за врши со работа во 10:16 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,
Гоце Попов

Записникот го водела
Снежана Трајкова